**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**




# ИЗВЕШТАЈ ЗА 2023 ГОДИНА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА АКЦИОНИОТ ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА ИНТЕГРИТЕТ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ 2023-2025

**СКОПЈЕ, јануари 2024 година**

## Содржина

**КРАТЕНКИ** .......... 3

**I. ВОВЕД** .......... 4

**II. ЗА МЕТОДОЛОГИЈАТА И ПРОЦЕСОТ** .......... 7

**III. ПРЕГЛЕД НА ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ВО 2023 ГОДИНА** .......... 10

ЦЕЛ 1: ЈАКНЕЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТОТ СО ЦЕЛ НАМАЛУВАЊЕ НА ЗЛОУПОТРЕБА НА СЛУЖБЕНАТА ПОЛОЖБА И ОВЛАСТУВАЊЕ .......... 10

ЦЕЛ 2: ЈАКНЕЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТОТ ВО СООБРАЌАЈНАТА И ГРАНИЧНАТА ПОЛИЦИЈА СО ЦЕЛ НАМАЛУВАЊЕ НА ПРИМАЊЕ НА ПОТКУП .......... 12

ЦЕЛ 3: ЈАКНЕЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТОТ НА ПОЛИЦИСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ СО ЦЕЛ ЗАКОНСКА ПРИМЕНА НА ПОЛИЦИСКИТЕ ОВЛАСТУВАЊА .......... 17

ЦЕЛ 4: ЈАКНЕЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТОТ ВО СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ .......... 21

ЦЕЛ 5: НАМАЛУВАЊЕ НА РИЗИЦИТЕ ВО СИСТЕМОТ НА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ .......... 23

ЦЕЛ 6: ЈАКНЕЊЕ НА ИНДИВИДУАЛНИОТ И ИНСТИТУЦИОНАЛНИОТ ИНТЕГРИТЕТ ЗАРАДИ ОДРЖУВАЊЕ НА УГЛЕДОТ НА ИНСТИТУЦИЈАТА .......... 24

**IV. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ** .......... **Error! Bookmark not defined.**

## КРАТЕНКИ

**МВР – Министерство за внатрешни работи**
**БЈБ – Биро за јавна безбедност**
**ОВККИПС – Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди**
**ООЗР – Оддел за општи и заеднички работи**
**СНМД – Сектор за набавки и менаџмент на договори**
**ОГР – Оддел за граѓански работи**
**ОПРУЧР – Оддел за правни работи и управување со човечки ресурси**
**ОУП – Оддел за униформирана полиција**
**ОКП – Оддел за криминалистичка полиција**
**ОГРМ – Оддел за гранични работи и миграции**
**ОЗРУЧР – Оддел за заеднички работи и управување со човечки ресурси**
**РЦ за ГР – Регионални центри за гранични работи**
**ПС за ГП и ГН – Полициска станица за гранични проверки и граничен надзор**
**СВР – Сектор за внатрешни работи**
**ПСОН – Полициска станица од општа надлежност**
**ПС за БПС – Полициска станица за безбедност во патниот сообраќај**
**ПО за БПС – Полициско одделение за безбедност во патниот сообраќај**
**МЕБПС – Мобилна единица за безбедност во патниот сообраќај**
**ОКТУПА – Отсек за криминалистичко - технички увиди и прелиминарни анализи**
**УПС – униформиран полициски службеник**
**ОСЛ – овластено службено лице**

# I. ВОВЕД

Корупцијата е динамична појава која има многу форми и се поврзува со различни економски, правни, политички, социолошки и други фактори. Негативните ефекти од корупцијата се огромни и далекусежни, протегајќи се низ јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор. Коруптивното однесување ја поткопува довербата во институциите на системот, ефикасното користење на јавните ресурси и претставува закана за демократијата и остварувањето на човековите права поради ерозија на општествените вредности.

Под поимот корупција во полицијата се подразбира секое прекршување на стандардните постапки и процедури, злоупотреба на службената должност или пречекорување на полициските овластувања заради директно или индиректно ветена, понудена, дадена, побарана, прифатена или очекувана корист, за себе или за некој друг.




Главен предизвик за Министерството за внатрешни работи (МВР) како клучна институција за откривање на случаите поврзани со корупција, како и нејзино спречување подразбира навременото детектирање и идентификација на ризиците од корупција, како и навременото откривање, документирање и докажување на коруптивните однесувања во кои биле вклучени овластени службени лица.

МВР со својата проактивна борба против корупцијата и нејзина апсолутна неприфатливост, гради контролни механизми, мерки и активности со кои ќе го стесни просторот на коруптивно однесување на вработените во Министерството и Полицијата, како и откривање и соодветно санкционирање на секој конкретен случај.

Основна цел на МВР во борбата против корупцијата е нејзино намалување и постигнување на антикорупциска култура кај вработените, градење на интегритетот на вработените во Министерството согласно европските стандарди, подигнување на свеста на вработените преку соодветни обуки, отстранување на условите за постоење на корупција во полицијата и непрофесионалното постапување и воспоставување на посакуваните етички стандарди.

Во изминатиот период поимот интегритет прерасна во еден од најчесто употребуваните термини кога станува збор за концептот на доброто владеење. Во таа насока, кога се говори за доброто владеење, во основа се мисли на градење и негување на духот на интегритетот на лично и институционално ниво, со што би се поттикнала и обезбедила независност, професионалност и отчетност во извршување на надлежностите утврдени со домашното и меѓународното право.

МВР во континуитет презема мерки и активности за исполнување на препораките дадени од ГРЕКО (група на земји за борба против корупцијата во Совет на Европа). Во таа насока во текот на 2023 година министерот за внатрешни работи донесе Упатство за начинот на постапување со подароци, погодности и гостопримства во МВР и Упатство за начинот на постапување на избраните и именувани лица и работниците во МВР со цел спречување на судирот на интереси во МВР.




Нема да погрешиме доколку интегритетот во полициското работење го дефинираме како отсуство на полициска злоупотреба, почитување на Етичкиот кодекс на однесување, пропишаните правила, стандардните процедури односно постапување на полициските службеници во согласност со важечките законски прописи.

Високиот полициски интегритет е основа за создавање меѓусебно почитување и доверба помеѓу граѓаните и полицијата и има голема улога во ефективната борба против криминалот и корупцијата.

Во месец февруари 2023 година, министерот за внатрешни работи донесе План за интегритет на МВР 2023-2025 и Акционен план за негова имплементација. Развивањето на Планот за интегритет на МВР беше поддржано од Програмата за реформи во разузнавачкиот и безбедносниот сектор во Северна Македонија (2021-2026) која заеднички ја спроведуваат Министерството за внатрешни работи и ДЦАФ Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор.




Врз основа на претходно извршена сеопфатна анализа на статистички и аналитички податоци со кои располага Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди (ОВККИПС), детектирани се шест области од работењето на МВР кои се најмногу изложени на коруптивно или друго незаконито однесување кои се предмет на опфат на Планот за интегритет и тоа:

- ризици од злоупотреба на службената положба од страна на овластени службени од управните служби кои се во директен контакт со граѓани во постапки на издавање на лични документи, уверенија, дозволи и сл.;
- ризици од примање поткуп во сообраќајната и граничната полиција;
- ризици од прекумерна употреба на сила при примена на полициските овластувања;
- ризици во областа на спроведување на јавните набавки;
- ризици во областа на управувањето на со човечки ресурси;
- ризици поврзани со етиката, непристрасноста, достоинството, заштита на угледот на МВР.

Во Акциониот план за имплементација на Планот за интегритет предвидени се сет мерки и активности кои надлежните организациски единици ќе ги преземаат во наредните три години со цел намалување или сузбивање на поставениот ризик. Во Акциониот план исто така се предвидени индикатори и цели за спроведување на индикаторите во наредните три години преку кои ќе се следи степенот на реализација на Планот за интегритет, односно ќе се постигне ниво на целосна следливост на спроведените мерки и нивната реализација, а со тоа и постигнати резултати.

Планот за интегритет на МВР е документ на стратешко ниво со оперативен карактер, кој има за цел, од една страна, да ги идентификува ризиците за интегритетот во подредените структури и институции, и да го процени нивото на нивната ранливост, а од другата страна да се планираат соодветни мерки за нивна превенција и минимизирање.

Планот за интегритет, врз основа на анализата на ризиците поврзано со овој аспект во организациските единици на МВР, има за цел да ги идентификува и стави во функција механизмите за минимизирање на факторите кои можат да бидат поврзани со причини, притисоци, случаи или создадени можности, кои служат како основа за постоење на корупција. На овој начин има за цел да управува со ризиците и секогаш да гарантира квалитетни, непристрасни и одговорни услуги на граѓаните.

## II. ЗА МЕТОДОЛОГИЈАТА И ПРОЦЕСОТ

По донесувањето на Планот за интегритет на МВР 2023-2025 година, на 26 јуни 2023 година беше организирана јавна промоција на која министерот за внатрешни работи ја информираше пошироката јавност со содржината на Планот.

Веднаш по донесувањето на Планот за интегритет на МВР 2023-2025, ОВККИПС отпочна со подготовки и планирање на методолошкиот процес за мониторинг и евалуација над спроведувањето на мерките и активностите во Акциониот план.

Од страна на ОВККИПС беа доставени акти до сите засегнати организациски единици за реализација на мерките утврдени со Акциониот план со кои се побара номинација на претставници од тие организациски единици кои учествуваа во понатамошниот процес на спроведување на Акциониот план за спроведување на Планот за интегритет 2023-2025 и тоа до:

- **ЦЕНТАР ЗА ОБУКА,** како надлежна организациска единица за изработка на Наставен план и Наставна програма, и воедно носители на сите обуки.

- **ОДДЕЛ ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ,** организациска единица во која е утврден **ризик во спроведување на јавните набавки**, и од која беше побарано да номинира **1 (еден) претставник** кој директно работи во областа на спроведување на јавни набавки во МВР, имајќи предвид дека тоа лице треба да учествува во спроведување „Обука на вработените од ООЗР за јакнење на интегритетот при спроведување на јавните набавки“.

- **ОДДЕЛ ЗА УНИФОРМИРАНА ПОЛИЦИЈА,** организациска единица во која се утврдени **два (2) ризици и тоа ризик од примање на поткуп во сообраќајната полиција и ризик од прекумерна употреба на физичка сила при примена на полициските овластувања,** и соодветно беа побарани **2 (двајца) претставници од** Сектор за сообраќајни работи и Сектор за полициски работи од општа надлежност, заради спроведување на „Обука за јакнење на интегритетот на вработените во сообраќајната полиција“ и „Обука на полициските службеници за почитување на законски и подзаконски прописи за примена на полициски овластувања“.

- **ОДДЕЛ ЗА КРИМИНАЛИСТИЧКА ПОЛИЦИЈА,** организациска единица во која е утврден веќе споменатиот **ризик од прекумерна употреба на физичка сила при примена на полициските овластувања**, и следствено побаран е **1 (еден) претставник**, кој ќе земе активно учество во спроведувањето на „Обука на полициските службеници за почитување на законски и подзаконски прописи за примена на полициски овластувања“.

- **ОДДЕЛ ЗА ГРАНИЧНИ РАБОТИ И МИГРАЦИИ,** организациска единица во која е утврден **ризик од примање на поткуп во граничната полиција** и во рамки на која треба да се спроведе „Обука за јакнење на интегритетот на вработените во граничната полиција “, па следствено е побаран соодветен **1 (еден) претставник**.

- **ОДДЕЛ ЗА ГРАЃАНСКИ РАБОТИ,** организациска единица во која е утврден **ризик од ризикот од злоупотреба на службената положба и овластување,** и имајќи ја предвид структуралната поставеност на Одделот беа побарани **2 (двајца) претставници** кои треба активно да спроведат „Обука за јакнење на интегритетот во работењето и за почитување на процедурите за издавање на документи“.

Исто така од страна на ОВККИПС, од организациските единици во кои се утврдени ризици беа побарани **извештаи во врска со статусот на индикаторите кои се однесуваат на преземени мерки и активности** од нивна страна:

- **ОДДЕЛ ЗА ГРАЃАНСКИ РАБОТИ**
  - спроведување 5 надзори од страна на ОГР врз законитоста во работењето и начинот на постапување со странки и
  - спроведување 5 надзори од страна на ОГР врз носење на беџови од страна на вработените со цел нивно разликување од странките.

- **ОДДЕЛ ЗА УНИФОРМИРАНА ПОЛИЦИЈА**
  - спроведени 6 контроли од страна на Бирото за јавна безбедност – Оддел за униформирана полиција во Секторите за внатрешни работи

- **ОДДЕЛ ЗА ГРАНИЧНИ РАБОТИ И МИГРАЦИИ**
  - спроведување на 6 контроли од страна на БЈБ
  - спроведени контроли во Регионалните центри за гранични работи

- **ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА**
  - вршење 1 внатрешна ревизија во Одделот за општи и заеднички работи

- **ОДДЕЛ ЗА ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ И УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**
  - редовно објавување на јавни огласи за вработување во МВР – зголемена транспарентност при вработување во МВР
  - намален број на приговори од страна на пријавени кандидати на јавен оглас, а не биле избрани
  - намален број на приговори од страна на пријавени кандидати на интерен оглас за унапредување, а не биле избрани

- **ОДДЕЛ ЗА ПРАВНИ РАБОТИ И УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**
  - редовно објавување на јавни огласи за вработување во МВР – зголемена транспарентност при вработување во МВР
  - намален број на приговори од страна на пријавени кандидати на јавен оглас, а не биле избрани
  - намален број на приговори од страна на пријавени кандидати на интерен оглас за унапредување, а не биле избрани

- **ОДДЕЛ ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ**
  - набавка на одредена опрема
  1. „обезбедување на 10 камери за видео надзор во просториите на Одделението за управни работи – Скопје во 2023 година“
  2. „обезбедување на 10 боди камери, 10 камери за во службените возила и 100 нови униформи во 2023 година“
  3. „обезбедување на 10 боди камери и 10 камери за во службените возила во 2023 година“;
  4. „поставување видео надзор во архивата на оформени предмети по јавни набавки во ООЗР и поставени безбедносни врати во просториите каде се спроведува постапката за јавни набавки“
  5. „изработка на анализа на пазарот за производи и услуги за конкретен случај“

На 15.09.2023 година во Центарот за обука во Идризово, беше организиран координативен состанок помеѓу претставници од Центарот за обука, ОВККИПС, ДЦАФ, ОБСЕ, во рамки на кој се започна со концептуализација и развивање на Наставен план и Наставна програма за обучувачи во врска со погоре наведените обуки, а кои беа одобрени од страна на министерот за внатрешни работи.

Во таа насока, во периодот од 02 до 05 октомври 2023 година во х. Глориус, Велес, се одржа „Обука за фасилитатори и евалуатори“ за обуки за професионален интегритет во соорганизација помеѓу МВР на РСМ и ДЦАФ. Целта на обуката беше номинираните претставници да се стекнат со потребната обука за обучувачи кои во наредниот период спроведоа обуки за вработените во МВР на теми од областа на јакнење на интегритетот, а предвидени во Акциониот план за имплементација на Планот за интегритет за периодот 2023 до 2025.


DCAF Geneva Centre for Security Sector Governance

ОБУКА ЗА ФАСИЛИТАТОРИ И ЕВАЛУАТОРИ
НА
ОБУКИ ЗА ПОЛИЦИСКИ ИНТЕГРИТЕТ

02-05 октомври 2023
Хотел Глориус Велес

Работилницата е организирана во партнерство со
**Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија**

*Оваа активност е дел од ДЦАФ спроведуваната*
***Програма за реформи во разузнавачкиот и безбедносниот сектор во Северна Македонија (2021-2026)***


**ОБУКА ЗА ПОЛИЦИСКИ ИНТЕГРИТЕТ**

*Дата и место, обучувачи*

**Нацрт – Агенда**

**10.00 – 10.30** Пристигнување / регистрација на учесници
**10.30 – 11.15** Воведна сесија, *модератор*
- претставување на учесниците
- вовед во интегритет *(презентација)*

**11.15 – 11.30** Пауза
**11.30 – 12.15** Презентација од обучувачи за хибридни обуки
**12.15 – 12.30** Пауза
**12.30 – 13.15** Разработување на ризикот
- презентација
- дискусија
- работа во групи

**13.15 – 13.30** Завршна сесија
- евалуација од учесниците
- резиме на обуката

Последователно, со поддршка на ДЦАФ, на 03 ноември 2023 година во х. Лимак, Скопје, се одржа Состанок за планирање, организирање и координирање на обуките за полициски интегритет, односно беа одредени датуми и места на одржување, потенцијални учесници, обучувачи соодветно на целите на ризик кои се предмет на обуката и слично. На состанокот беше договорено на учесниците во обуките да им се поделат Бележници за полициски интегритет (на македонски и албански јазик), како и Прирачници за полициски интегритет, изработени со поддршка од ДЦАФ.

# III. ПРЕГЛЕД НА ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ВО 2023 ГОДИНА

## ЦЕЛ 1: ЈАКНЕЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТОТ СО ЦЕЛ НАМАЛУВАЊЕ НА ЗЛОУПОТРЕБА НА СЛУЖБЕНАТА ПОЛОЖБА И ОВЛАСТУВАЊЕ

**РИЗИК:**
1. Фаворизирање на одредени странки при издавање на лични документи, дозволи, лиценци, уверенија
2. Фалсификување на лични и други документи
3. Примање парични средства од граѓани и барање и прифаќање на подароци, бесплатни услуги и други бенефиции

**ОДГОВОРНИ ОРГАНИЗАЦИСКИ ЕДИНИЦИ:**
1. Оддел за граѓански работи (ОГР) и
2. Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди (ОВККИПС)

**ДРУГИ ОДГОВОРНИ ОРГАНИЗАЦИСКИ ЕДИНИЦИ**
1. Центар за обука,
2. Оддел за правни работи и управување со човечки ресурси (ОПРУЧР) и
3. домашни и странски експерти од областа

| ЦЕЛИ НА ИНДИКАТОРОТ ЗА 2023 | РЕАЛИЗИРАНИ ЦЕЛИ НА ИНДИКАТОР ЗА 2023 ГОДИНА |
|---|---|
| 1. Две обуки на 20 вработени во ОГР на тема: „Јакнење на интегритетот на вработените во ОГР вклучени во постапки на издавање на лични документи, дозволи, лиценци, уверенија“ | **1. ОБУКИ**<br>1.**1. 16.11.2023 г.,** Обука на 22 ОСЛ од Одделение за управни работи – Скопје<br>1.**2. 07.12.2023 г.,** Обука на 20 ОСЛ од Отсек за оружје – Охрид, Струга, Дебар и Кичево |
| 2. Обезбедени 10 камери за видео надзор во просториите во Одделението за управни работи – Скопје | **2.** Не се обезбедени 10 камери за видео надзор во просториите во Одделението за управни работи – Скопје поради недостаток на финансиски средства, односно буџетот за 2023 година е изготвен и одобрен во месец декември 2022 година, а предметната цел е утврдена подоцна. |
| 3. Спроведени 5 надзори од страна на ОГР врз законитоста во работењето и начинот на постапување со странки | **3. ОДГОВОР вв ИНДИКАТОРИ од организациските единици**<br>- спроведени се вкупно 5 надзорни контроли и тоа во Одделение за управни работи - Куманово (Крива Паланка, Кратово), Одделение за управни работи Струмица (Радовиш), Одделение за управни работи Скопје и Одделение за управни работи Битола (Прилеп)<br>- не се констатирани неправилности |
| 4. Спроведени 2 внатрешни контроли ОГР | **4. ВНАТРЕШНИ КОНТРОЛИ**<br>**1. 12.08.2023 г.**, Одделение за управни работи – Скопје, ОУР – Битола, Одделение за управни работи – Куманово и Одделение за управни работи – Охрид |

| | |
|---|---|
| | **Задолжителни мерки**<br>Писмено укажување од непосредниот раководител за еден работник за несоодветно извршување на работни задачи и посочување да го подобри своето работење во наредниот период, како и укажување за можноста за поведување постапка за утврдување дисциплинска одговорност доколку не го подобри своето работење.<br><br>**2. 18 – 19.12.2023 г.**, Отсек за управни работи - Прилеп<br>Од спроведената контрола утврдено е дека овластените службени лица при Отсек за управни работи - Прилеп постапуваат согласно законските прописи и правила. |
| 5. Спроведени 5 надзори од страна на ОГР врз носење на беџови од страна на вработените со цел нивно разликување од странките | **5.** Спроведени се вкупно 5 надзори во Одделение за управни работи - Куманово (Крива Паланка, Кратово), Одделение за управни работи - Струмица (Радовиш), Одделение за управни работи - Скопје и Одделение за управни работи - Битола (Прилеп).<br>При спроведените надзори, утврдено е дека голем број од овластените службени лица немаат беџови кои се задолжени да ги носат или им е оштетени, но не е возможна изработка на нови поради недостаток од материјали за нивна изработка (постапки за јавни набавки во тек) |

Во рамки на овој идентификуван ризик и предвидените цели на индикатори за 2023 година кои се мерливи, беше утврдено следното:

- предвидениот степен на реализација на обуки е постигнат, предвидени се две обуки и истите се спроведени, воедно исполнета е и квотата на слушатели (предвидени 40 ОСЛ, учествувале 42 ОСЛ)

- степенот на реализација на надзори врз законитоста на работењето, е исто така целосно постигнат, односно од предвидени пет надзори, истите се спроведени

- предвидениот степен на реализација на внатрешни контроли е исполнет, спроведени се двете планирани контроли и предложени се соодветни конкретни мерки

- степенот на реализација на надзори во врска со носењето беџови, е исто така целосно постигнат, односно од предвидени пет надзори, истите се спроведени

## ЦЕЛ 2: ЈАКНЕЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТОТ ВО СООБРАЌАЈНАТА И ГРАНИЧНАТА ПОЛИЦИЈА СО ЦЕЛ НАМАЛУВАЊЕ НА ПРИМАЊЕ НА ПОТКУП

**РИЗИК**
1. Примање на парични средства од граѓани
2. Барање и прифаќање на подароци, бесплатни услуги и други бенефиции

**ОДГОВОРНИ ОРГАНИЗАЦИСКИ ЕДИНИЦИ:**
1. Оддел за униформирана полиција (ОУП)
2. Оддел за гранични работи и миграции (ОГРМ)
3. Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди (ОВККИПС)

**ДРУГИ ОДГОВОРНИ ОРГАНИЗАЦИСКИ ЕДИНИЦИ**
1. Центар за обука
2. Сектори за внатрешни работи (СВР)
3. домашни и странски експерти од областа

| ЦЕЛИ НА ИНДИКАТОРОТ ЗА 2023 | РЕАЛИЗИРАНИ ЦЕЛИ НА ИНДИКАТОР ЗА 2023 ГОДИНА |
|---|---|
| 1. Две обуки на 40 вработени на тема: „Јакнење на интегритетот на вработените во сообраќајна полиција и на гранични премини“ | **1. ОБУКИ**<br>1. **1. 08 – 09.11.2023 г.,** МРТВ, обуки на 39 вработени во ПС за ГП и ГН при РЦ за ГР Север<br>1. **2. 28.11.2023 г.,** ПС за БПС Тетово, обука на 10 вработени во ПС за ГП и ГН при РЦ за ГР Север<br>1. **3. 06.12.2023 г.,** СВР Охрид, обука на 18 вработени во ПС ОН Охрид, ПС за БПС Охрид и РЦ за ГР Запад<br>1. **4. 12.12.2023 г.,** МВР, згр. 6, обука на 17 вработени во ОБПС, ОУСН и МЕБПС<br>1. **5. 14.12.2023 г.,** Делчево, обука на 18 вработени во ПС за ГП и ГН при РЦ за ГР Исток и ПС ОН Делчево |
| 2. Обезбедени 10 боди камери и 10 камери за возила | 2. Не се обезбедени 10 боди камери и 10 камери за возила поради недостаток на финансиски средства, односно буџетот за 2023 година е изготвен и одобрен во месец декември 2022 година, а предметната цел е утврдена подоцна. |
| 3. Спроведени 12 контроли од страна на СВР | **3. Спроведени контроли од страна на следните СВР:**<br>**СВР Охрид**:<br>- 46 надзори на боди камери<br>- извршени се 298 контроли и надзори на работата на УПС<br>- не се констатирани случаи на коруптивно однесување<br>**СВР Битола:**<br>- 34 контроли, при што во ниту една не се утврдени елементи на примање поткуп<br>**СВР Куманово:**<br>- 35 контроли на ниво на Одделение за полиција (ПС – ОН Куманово, ПС за БПС, ПС – ОН Крива Паланка, ПС – ОН Кратово)<br>**СВР Скопје:**<br>- 28 контроли во Одделението за БПС<br>- не се пронајдени елементи за постапување и санкционирање<br>**СВР Велес:** |

| | |
|---|---|
| | - редовни контроли согласно месечни планови, како и вонредни контроли<br>- не се констатирани и откриени коруптивни дејствија од страна на УПС од БПС<br>**<u>СВР Штип:</u>**<br>- редовно (месечно) се вршат 3 – 4 контроли од секој старешина (на ниво на ПС и ПО за БПС)<br>**<u>СВР Тетово:</u>**<br>- увид и контрола над исправноста и функционалноста на МССК, како и над примената на процедурата за нивно користење од страна на ПС, за истото на месечно ниво се изготвуваат службени белешки<br>- не се констатирани недостатоци поврзани со ризикот примање на поткуп, туку со техничките карактеристики на МССК и нивно правилно користење (преземени мерки односно укажување на УПС како правилно да се користат)<br>**<u>СВР Струмица:</u>**<br>- 252 контролни служби над УПС, при истите не се констатирани случаи на поткуп<br>- при разводи на УПС редовно им се посочуваат правните последици од примањето поткуп |
| 4. Спроведени 6 контроли од страна на Бирото за јавна безбедност (Оддел за униформирана полиција - ОУП и Одделот гранични работи и миграции - ОГРМ) | **4. Спроведени контроли:**<br>**<u>ОУП</u>**:<br>- спроведени се 8 контроли во Секторите за внатрешни работи<br>**<u>ОГРМ</u>:**<br>- спроведени се 49 контроли во РЦ за ГР (ПС ГП) |
| 5. Спроведени 2 внатрешни контроли во сите сообраќајни станици/одделенија и ПС за ГП и ГН | **5. ВНАТРЕШНИ КОНТРОЛИ – вкупно 11**<br>**1. 20.08.2023 г.,** СВР Струмица, ПО Ново Село и ПС за ГП и ГН Ново Село<br>**Задолжителни мерки**<br>Согласно член 227 од КД, а во врска со член 210 став 1 точка 4 и 10 од КД, поради потешко кршење на работниот ред и дисциплина, ОВККИПС поднесе предлог за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност против двајца работници.<br><br>**2. 13.08.2023 г.,** ПС од ОБПС Скопје, МЕБПС Петровец и ПО за БПС Гостивар<br>**Задолжителни мерки**<br>Раководните службеници да преземат соодветни мерки, односно да применат мерки и активности за подобрување на однесувањето на работниците и соодветно извршување на нивните работни обврски кои се состојат од укажување на полицискиот службеник согласно член 20 алинеја 7 од Правилникот на ОВККИПС и тоа да им се укаже на полициските службеници задолжени за Евиденција на примени усни претставки истата да ја водат уредно, да се укаже на раководните полициски службеници разводот да се извршува квалитетно и во |

| | |
|---|---|
| | согласност со Прирачникот за начинот на остварување на процесот на брифинг и дебрифинг, да се изготвуваат соодветни наредби за вршење на служба, односно еден полициски службеник да не биде ангажиран на две наредби кои важат за истиот ден и истиот час за постапување, да се укаже на полициските службеници задолжени за водење на евиденциите, истите да ги водат уредно.<br><br>**3. 02.12.2023 г.,** ПС за ГП Табановце и ПС за БПС Куманово<br>**Задолжителни мерки:**<br>1. Раководните службеници согласно член 20 алинеја 7 од Правилникот на ОВККИПС да преземат соодветни мерки, односно да им укажат на полициските службеници и да применат мерки и активности насочени кон подобрување на однесувањето на работниците и соодветно извршување на нивните работни обврски кои се состојат од правилно и соодветно водење на налог за користење на возило на МВР согласно чл. 16 и 17 од Правилник за распределба, користење, одржување и обновување на возилата на МВР.<br>2. Согласно член 227 од Колективниот договор на МВР, а поради сторена повреда на работниот ред и дисциплина утврдено во член 210 став 1 точка 10 од Колективниот договор на МВР, доставен е предлог за поведување постапка за утврдување на дисциплинска одговорност против еден работник.<br><br>**4. 02.12.2023 г.,** ПС за ГП и ГН Меџитлија при РЦ за ГР Југ и ПС за БПС Битола<br>**Задолжителни мерки**<br>1. Раководните службеници согласно член 20 алинеја 7 од Правилникот на ОВККИПС да преземат соодветни мерки заради надминување на тековната состојба која се однесува на делот на оперативни евиденции согласно одредбите од Правилникот за содржината и начинот на водење на евиденциите на полицијата и формата и содржината на образецот на евиденциите на полицијата, како и на делот на навремено процесуирање на барањата за поведување прекршочна постапка до надлежен орган.<br>2. Согласно член 227 од Колективниот договор на МВР, а поради повреда на член 210 став 1 точка 3 од КД на МВР, ОВККИПС поднесе предлог за утврдување на одговорност заради постапување спротивно на правилата и прописите на МВР против двајца работници.<br><br>**5. 03.12.2023 г.,** ПС за ГП и ГН Богородица и ПС за БПС Гевгелија<br>**Заклучок:**<br>- врз основа на спроведената контрола од страна на ОВККИПС, утврдено е дека полициските службеници од ПС за ГП и ГН Богородица и ПО за БПС Гевгелија, при вршење на работите и |

| | |
|---|---|
| | задачите од својот делокруг постапуваат согласно правилата и прописите кои важат во МВР.<br><br>**6. 03.12.2023 г.,** ПС за ГП Јажинце и ПС за БПС Тетово<br>**Задолжителни мерки:**<br>1. Раководните службеници согласно член 20 алинеја 7 од Правилникот на ОВККИПС да преземат соодветни мерки заради надминување на тековната состојба која се однесува на делот на оперативни евиденции согласно одредбите од Правилникот за содржината и начинот на водење на евиденциите на полицијата и формата и содржината на образецот на евиденциите на полицијата<br>2. Согласно член 227 од КД на МВР, ОВККИПС поднесе предлог за поведување постапка за утврдување дисциплинска одговорност против тројца работници.<br><br>**7. 08.12.2023 г.,** ПС за ГП и ГН Св. Наум и ПС за БПС Охрид<br>**Задолжителни мерки**<br>Раководните службеници согласно член 20 алинеја 7 од Правилникот на ОВККИПС да укажат за навремено и тековно да се врши контрола на воспоставените евиденции и да се отстранат неправилностите, односно раководителите да им укажат на полициските службеници кои се задолжени за водење на наведените евиденции да извршат ажурирање на податоците во истите.<br><br>**8. 09.12.2023 г.,** ПС за ГП и ГН Стар Дојран и ПС за БПС Струмица<br>**Задолжителни мерки:**<br>Согласно член 227 од КД на МВР, а во врска со член 210 став 1, точка 3, 6 и 10 од КД, поради потешко кршење на работниот ред и дисциплина, ОВККИПС поднесе предлог за поведување постапка за утврдување дисциплинска одговорност против еден работник.<br><br>**9. 10.12.2023 г.,** ПС за ГП Блаце и ПС за ГП Меѓународен Аеродром Скопје<br>**Задолжителни мерки:**<br>1. Раководните службеници согласно член 20 алинеја 7 од Правилникот на ОВККИПС да преземат соодветни мерки, односно да применат мерки и активности насочени кон подобрување на однесувањето на работниците и соодветно извршување на нивните работни обврски кои се состојат од укажување на полицискиот службеник, да се воведат соодветни работни евиденции и истите да се водат уредно во согласност со Правилникот за начинот на водење на евиденциите во полицијата.<br>2. Согласно член 227 од КД на МВР, а поради сторена повреда на работниот ред и дисциплина утврдена во 210 став 1 алинеја 4 и 10 од КД на МВР, ОВККИПС изготви предлог за поведување постапка за утврдување на дисциплинска одговорност против 3 (тројца) работници. |

| | |
|---|---|
| 6. Набавени 100 униформи | **10. 16.12.2023 г.,** ПС за ГП Деве Баир и ПО за БПС Крива Паланка<br>**Задолжителни мерки:**<br>1. Раководните лица согласно член 20 алинеја 7 од Правилникот на ОВККИПС да преземат соодветни мерки заради надминување на состојбата во врска со утврдените недостатоци во делот на водењето и пополнувањето на налозите за користење службени возила и во иднина во целост да се постапува согласно одредбите од Правилникот за распределба, користење, одржување и обновување на возилата на МВР.<br>2. Согласно членовите 227 од КД на МВР, а поради повреда на член 210 став 1 точка 10 од КД на МВР, ОВККИПС поднесе предлог за утврдување на одговорност за кршење на работниот ред и дисциплина за лицето против еден работник.<br><br>**11. 17.12.2023 г.,** ПС за ГП Ќафасан и ПО за БПС Струга<br>- врз основа на спроведената контрола од страна на ОВККИПС, утврдено е дека полициските службеници од ПС за ГП Ќафасан и ПО за БПС Струга, при вршење на работите и задачите од својот делокруг постапуваат согласно правилата и прописите кои важат во МВР.<br><br>6. Не се набавени 100 униформи поради недостаток на финансиски средства, односно буџетот за 2023 година е изготвен и одобрен во месец декември 2022 година, а предметната цел е утврдена подоцна. |

Во рамки на овој идентификуван ризик и предвидените цели на индикатори за 2023 година кои се мерливи, беше утврдено следното:

- предвидениот степен на реализација на обуки е постигнат и надминат, предвидени се две обуки, а спроведени се вкупно пет обуки, при што надмината е и квотата на слушатели (предвидени 80 полициски службеници, учествувале 102 ПС)

- степенот на реализација на контроли и надзори од СВР, како и од страна на ОУП и ОГРМ е повеќекратно повисок од предвидениот, со предложени конкретни задолжителни мерки

- предвидениот степен на реализација на внатрешни контроли е исполнет и надминат, односно од предвидените две контроли спроведени се дури 11 внатрешни контроли, со предложени конкретни задолжителни мерки

## ЦЕЛ 3: ЈАКНЕЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТОТ НА ПОЛИЦИСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ СО ЦЕЛ ЗАКОНСКА ПРИМЕНА НА ПОЛИЦИСКИТЕ ОВЛАСТУВАЊА

**РИЗИК**
Вршење на кривични дела и поткопување на довербата во полицијата

**ОДГОВОРНИ ОРГАНИЗАЦИСКИ ЕДИНИЦИ**
1. Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди (ОВККИПС)
2. сите организациски единици каде се применуваат полициски овластувања

**ДРУГИ ОДГОВОРНИ ОРГАНИЗАЦИСКИ ЕДИНИЦИ**
1. Центар за обука
2. Оддел за заеднички работи и управување со човечки ресурси (ОЗРУЧР)
3. Оддел за правни работи и управување со човечки ресурси (ОПРУЧР)
4. домашни и странски експерти од областа

| ЦЕЛИ НА ИНДИКАТОРОТ ЗА 2023 | РЕАЛИЗИРАНИ ЦЕЛИ НА ИНДИКАТОР ЗА 2023 ГОДИНА |
|---|---|
| 1. Две обуки на 20 вработени на тема: „Јакнење на интегритетот на вработените во полицијата при примена на полициски овластувања (злоупотреба и пречекорување на полициски овластувања)“ | **1. ОБУКИ СПРОВЕДЕНИ ОД СТРАНА НА МВР:**<br>1. **1. 08 – 09.11.2023 г.,** МРТВ, обуки на <u>39</u> вработени во ПС за ГП и ГН при РЦ за ГР Север<br>1. **2. 28.11.2023 г.,** ПС за БПС Тетово, обука на <u>10</u> вработени во ПС за ГП и ГН при РЦ за ГР Север<br>1. **3. 06.12.2023 г.,** СВР Охрид, обука на <u>18</u> вработени во ПС ОН Охрид, ПС за БПС Охрид и РЦ за ГР Запад<br>1. **4. 12.12.2023 г.,** МВР, згр. 6, обука на <u>17</u> вработени во ОБПС, ОУСН и МЕБПС<br>1. **5. 14.12.2023 г.,** Делчево, обука на <u>18</u> вработени во ПС за ГП и ГН при РЦ за ГР Исток и ПС ОН Делчево<br>**2. ОБУКИ ОД СТРАНА НА СТРАНСКИ ПАРТНЕРИ:**<br>- на 23 и 25 мај 2023 година, со поддршка на ЦИДС (Центар за интегритет во одбранбениот сектор на Кралството Норвешка) се одржани две обуки на тема „Примена на полициска сила“ во Штип и Струмица каде учесници беа полициски службеници од СВР Штип и СВР Струмица и РЦ за ГР Југ.<br>- на 10 и 12 мај 2023 година, со поддршка на ЦИДС (Центар за интегритет во одбранбениот сектор на Кралството Норвешка) се одржани две обуки на тема „Примена на полициска сила“ во Битола и Струга каде учесници беа полициски службеници од СВР Тетово, СВР Битола, СВР Охрид, РЦ за ГР Запад. |
| 2. Обезбедени 10 боди камери и 10 камери за возила | 2. Не се обезбедени 10 боди камери и 10 камери за возила поради недостаток на финансиски средства, односно буџетот за 2023 година е изготвен и одобрен во месец декември 2022 година, а предметната цел е утврдена подоцна. |
| 3. Спроведени 12 надзори од страна на раководители | **3. Спроведени надзори:**<br>**<u>СВР Охрид</u>**:<br>- 10 надзори по ПС од ОН и БПС, во врска со постапување со лица на кои им е ограничено право на слобода на движење |

| | |
|---|---|
| | - спроведени се 230 надзори во врска со употреба на средства за присилба<br>- во 1 (еден) случај е констатирана прекумерка употреба на сила<br>- 1 (еден) надзор е извршен по основа на пријава/претставка за прекумерна употреба на средства за присилба, наводите во претставката се оценети како неосновани<br>- спроведени се 218 контроли и надзори на работата на УПС<br>**<u>СВР Битола:</u>**<br>- 176 надзори на полициски службеници кои применуваат полициски овластувања<br>- увид во мобилниот систем за снимање со камери (МССК) и при тоа не се констатирани злоупотреби или пречекорувања на полициските овластувања<br><br>**<u>СВР Куманово:</u>**<br>- 06.06.2023 г., обука за нови ПС за „Употреба на средства за присилба“, „СОП за безбедно чување и постапување во вооружувањето во МВР“, „постапка и процедури при спроведување на боево гаѓање со автоматска пушка и со пиштол“<br>- редовни надзори од страна на раководителите на полициски станици и одделенија во делот на употреба на физичка сила од страна на УПС, утврдено дека употребата на средства за присилба во сите случаи е оправдана<br>**<u>СВР Скопје:</u>**<br>- редовни контроли<br>- 15.08.2023 г., реализирана обука за примена на средства за присилба<br>- применети 376 средства за присилба за што постои соодветен службен материјал<br>- 33 контроли во ПСОН и ПО<br>**<u>СВР Велес:</u>**<br>- при секоја употреба на средства за присилба се прави оценување на оправданост од страна на непосредниот раководител и во ниту еден случај не е констатирана прекумерна употреба на физичка сила од страна на УПС при вршење полициски овластувања<br>**<u>СВР Штип:</u>**<br>- 12 надзори на организациските единици каде се применуваат полициските овластувања<br>- предлог да се вршат позачестени обуки на ПС во оваа област<br>**<u>СВР Тетово:</u>**<br>- редовна евиденција на употребата на средства за присилба<br>- заклучно со 20.12.2023 г. на ниво на СВР Тетово во 145 случаи е употребено средство за присилба, не е констатирано пречекорување на овластувањата<br>**<u>СВР Струмица:</u>**<br>- средства за присилба се употребени во 121 случај и истите се оценети како оправдани |

| | |
|---|---|
| 4. Донесени правни акти согласно иницираните измени | 4. По извршена анализа од страна на ОПРУЧР, утврдено е дека во текот на 2023 година нема потреба од изменување и дополнување на постоечката законска и подзаконска рамка во Министерството која се однесува на употреба на физичка сила од страна на работниците на Министерството. |
| 5. Спроведени 6 внатрешни контроли во СВР/ПС | **5. ВНАТРЕШНИ КОНТРОЛИ** – евиденција за употреба на средства за присилба за 2023 г.<br>**1. 19.12.2023 г.,** ПС ОН Тетово<br>- евиденцијата се води уредно (79 лица врз кои се применети средства за присилба) и се совпаѓа со книгата за дневни настани (заведени 79 настани)<br>- за секој настан е изготвен извештај и соодветна оценка за оправданост на употребените средства за присилба, односно сите се оправдани, и се без сериозни последици<br>**2. 19.12.2023 г.,** ПС ОН Охрид<br>- евиденцијата се води уредно (49 лица врз кои се применети средства за присилба) и се совпаѓа со книгата за дневни настани<br>- за секој настан е изготвен извештај и соодветна оценка за оправданост на употребените средства за присилба, при што е констатирано дека врз 48 лица е оправдана примената, а врз 1 (едно) лице оправдноста на употребата на средства за присилба се уште не е утврдена, а за истото е известено надлежното ОЈО ГОКК Скопје<br>**3. 19.12.2023 година, ПС ОН Куманово**<br>- евиденцијата се води уредно (заведени 65 лица врз кои се применети средства за присилба)<br>- за секоја употреба на средства за присилба изготвен е соодветен извештај, како и оценка за оправданост, сите се оправдани, и се без сериозни последици<br>**4. 19.12.2023 година, ПС ОН Штип**<br>- евиденцијата се води уредно (92 лица врз кои се применети средства за присилба) и се совпаѓа со книгата за дневни настани (заведени 92 настани)<br>- за секој настан е изготвен извештај и соодветна оценка за оправданост на употребените средства за присилба, односно сите се оправдани, и се без сериозни последици<br>**5. 21.12.2023 година, ПС ОН Бит Пазар**<br>- евиденцијата се води уредно (21 лице врз кое се применети средства за присилба)<br>- за секој настан е изготвен извештај и соодветна оценка за оправданост на употребените средства за присилба, односно сите се оправдани, и се без сериозни последици<br>**6. 21.12.2023 година, ПС ОН Кисела Вода**<br>- евиденцијата се води уредно (65 лица врз кои се применети средства за присилба) |

| | |
|---|---|
| 6. Целосно ажуриран веб портал со закони и подзаконски акти | - за секој настан е изготвен извештај и соодветна оценка за оправданост на употребените средства за присилба, односно сите се оправдани, и се без сериозни последици<br><br>**6.** Веб порталот на МВР, навремено и континуирано се ажурира со најновите измени и дополнувања на законите и подзаконската регулатива |

Во рамки на овој идентификуван ризик и предвидените цели на индикатори за 2023 година кои се мерливи, беше утврдено следното:

- предвидениот степен на реализација на обуки е постигнат и надминат, предвидени се две обуки а спроведени се вкупно пет обуки, воедно надмината е и квотата на слушатели (предвидени 40 полициски службеници, учествувале 102 ПС)
- степенот на реализација на контроли и надзори од раководители е повеќекратно повисок од предвидениот и предложени се соодветни мерки
- предвидениот степен на реализација на внатрешни контроли е исполнет, односно спроведени се шесте предвидени внатрешни контроли и предложени се соодветни мерки

## ЦЕЛ 4: ЈАКНЕЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТОТ ВО СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

**РИЗИК**

1. Судир на интереси со економските оператори
2. Субјективен пристап во изготвување на документацијата за јавни набавки со цел дискриминирање на одредени економски оператори и субјективна евалуација на понуди
3. Откривање на доверливи информации на економските оператори

**ОДГОВОРНИ ОРГАНИЗАЦИСКИ ЕДИНИЦИ**

1. Оддел за општи и заеднички работи (ООЗР);
2. Одделение за внатрешна ревизија
3. Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди (ОВККИПС)

**ДРУГИ ОДГОВОРНИ ОРГАНИЗАЦИСКИ ЕДИНИЦИ**

1. Центар за обука
2. Оддел за финансиски прашања
3. Оддел за правни работи и управување со човечки ресурси
4. домашни и странски експерти од областа

| ЦЕЛИ НА ИНДИКАТОРОТ ЗА 2023 | РЕАЛИЗИРАНИ ЦЕЛИ НА ИНДИКАТОР ЗА 2023 ГОДИНА |
|---|---|
| 1. Една обука на 20 вработени на тема: „Јакнење на интегритетот на вработените во ООЗР при спроведување на јавните набавки и спречување на судир на интереси“ | **1. ОБУКА**<br>**15.11.2023 г.,** Центар за обука - Идризово, обука на 19 ОСЛ од СНМД при ООЗР |
| 2. Изработена анализа на пазарот за производи и услуги за конкретен случај | 2. При извршена контрола, констатирано е дека Одделението за спроведување на јавни набавки изработува анализи на пазарот за производи и услуги за конкретни случаи |
| 3. Извршена 1 внатрешна ревизија | 3. 19.12.2023 е спроведена Ревизија на планирање на јавни набавки и нивна реализација во рамки на ООЗР |
| 4. Спроведени 2 внатрешни контроли во ООЗР - ОЈНПС | **4. ВНАТРЕШНИ КОНТРОЛИ – контрола врз работењето**<br>**1. 09.11.2023 г.,** Одделение за јавни набавки и примена на стандарди<br>**2. 19.12.2023 г.,** Одделение за јавни набавки и примена на стандарди<br>**При контролите е констатирано дека:**<br>- се почитува работното време<br>- во работниот процес при спроведување на јавните набавки се одвива во согласност со одредбите од Законот за безбедноста на класифицирани информации и стандардите на НАТО за безбедност на класифицирани информации<br>- поставена е блиндор сигурносна врата и камери во целиот ходник<br>- предметите класифицирани како ДРЖАВНА ТАЈНА се чуваат во посебни затворени сефови |

| | |
|---|---|
| 5. Поставен видео надзор во архивата на оформени предмети по јавни набавки во ООЗР и поставени безбедносни врати во просториите каде се спроведува постапката за јавни набавки | - од извршениот увид на предмет по случаен избор за спроведени јавни набавки утврдено е законито постапување<br>- завршен е процесот на преместување на архивата на предмети на одделението и истата е во целост средена и уредно се архивираат сите предмети согласно Законот за архивско работење и подзаконските акти<br><br>**5.** Видео-надзор во архивата на оформени предмети по јавни набавки во ООЗР и поставени безбедносни врати во просториите за јавни набавки |

Во рамки на овој идентификуван ризик и предвидените цели на индикатори за 2023 година кои се мерливи, беше утврдено следното:

- предвидениот степен на реализација на обуки е постигнат, предвидена е една обука со 20 слушатели, и спроведена беше една обука со 19 слушатели (бројот на вработени во засегнатата организациска единица во моментот на спроведување на обуката беше 19 лица)

- степенот на реализација на внатрешни контроли е исполнет, односно спроведени се двете предвидени внатрешни контроли

## ЦЕЛ 5: НАМАЛУВАЊЕ НА РИЗИЦИТЕ ВО СИСТЕМОТ НА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ

**РИЗИК**
1. Недоволна транспарентност при вработување на нови кадри преку јавен оглас во МВР
2. Дискриминација при вработувањето по разни основи
3. Фаворизирање на поединци во процесот на унапредување

**ОДГОВОРНИ ОРГАНИЗАЦИСКИ ЕДИНИЦИ**
1. Оддел за правни работи и управување со човечки ресурси (ОПРУЧР)
2. Оддел за заеднички работи и управување со човечки ресурси (ОЗРУЧР)
3. Комисии за распоредување и унапредување

**ДРУГИ ОДГОВОРНИ ОРГАНИЗАЦИСКИ ЕДИНИЦИ**
1. Оддел за односи со јавност и стратешки прашања (ООЈСП)

| ЦЕЛИ НА ИНДИКАТОРОТ ЗА 2023 | РЕАЛИЗИРАНИ ЦЕЛИ НА ИНДИКАТОР ЗА 2023 ГОДИНА |
|---|---|
| 1. Редовно објавување на јавни огласи за вработување во МВР – зголемена транспарентност при вработување во МВР | **<u>Објавени огласи од страна на ОЗРУЧР:</u>**<br>1. Јавен оглас за полицајци,<br>- еден јавен оглас објавен на 06.06.2023 г., пристигнати 3 приговори<br>- еден јавен оглас објавен на 10.08.2023 г., |
| 2. Намален број на приговори од страна на пријавени кандидати на јавен оглас, а не биле избрани | 2. Интерни огласи во БЈБ<br>- Во текот на 2022 објавени се 526 интерни огласи и пристигнати се 4 приговори<br>- Во текот на 2023 објавени се 477 интерни огласи и пристигнати се 2 приговори |
| 3. Намален број на приговори од страна на пријавени кандидати на интерен оглас за унапредување, а не биле избрани | **<u>Објавени огласи од страна на ОПРУЧР:</u>**<br>- Еден јавен оглас за прием на 39 извршители (24 со завршено високо и 15 со завршено средно образование), во врска со истиот поднесени се 2 приговори (1 до МВР и 1 до Народен правобранител)<br>- по објавените интерни огласи во 2022 и 2023 година е поднесен 1 приговор |

## ЦЕЛ 6: ЈАКНЕЊЕ НА ИНДИВИДУАЛНИОТ И ИНСТИТУЦИОНАЛНИОТ ИНТЕГРИТЕТ ЗАРАДИ ОДРЖУВАЊЕ НА УГЛЕДОТ НА ИНСТИТУЦИЈАТА

**РИЗИК**

1. Незаконито и непрофесионално однесување на вработените во МВР со кое се нарушува угледот на МВР и низок степен на поседување на личен интегритет, а со тоа и намален институционален интегритет
2. Неприменливост на Законот за заштита на укажувачите

**ОДГОВОРНИ ОРГАНИЗАЦИСКИ ЕДИНИЦИ**

1. Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди (ОВККИПС)

**ДРУГИ ОДГОВОРНИ ОРГАНИЗАЦИСКИ ЕДИНИЦИ**

1. Центар за обука
2. домашни и странски експерти од областа

| **ЦЕЛИ НА ИНДИКАТОРОТ ЗА 2023** | **РЕАЛИЗИРАНИ ЦЕЛИ НА ИНДИКАТОР ЗА 2023 ГОДИНА** |
|---|---|
| 1. Одржани 2 обуки на 20 работници од МВР на тема: „Системот за интегритет во МВР со посебен осврт на Етичкиот кодекс и Законот за укажувачи“. | **1. <u>ОБУКИ</u>**<br>**1. 08 – 09.11.2023 г.,** МРТВ, обуки на <u>39</u> вработени во ПС за ГП и ГН при РЦ за ГР Север<br>**2. 15.11.2023 г.,** ЦО Идризово, обука на <u>19</u> ОСЛ од СНМД при ООЗР<br>**3. 16.11.2023 г.,** МРТВ – Скопје, обука на <u>22</u> ОСЛ од ОУР – Скопје при ОГР<br>**4. 28.11.2023 г.,** ПС за БПС Тетово, обука на <u>10</u> вработени во ПС за ГП и ГН при РЦ за ГР Север<br>**5. 06.12.2023 г.,** СВР Охрид, обука на <u>18</u> вработени во ПС ОН Охрид, ПС за БПС Охрид и РЦ за ГР Запад<br>**6. 07.12.2023 г.,** СВР Охрид, обука на <u>20</u> ОСЛ од Отсек за оружје – Охрид, Струга, Дебар и Кичево<br>**7. 12.12.2023 г.,** МВР, згр. 6, обука на <u>17</u> вработени во ОБПС, ОУСН и МЕБПС<br>**8. 14.12.2023 г.,** Делчево, обука на <u>18</u> вработени во ПС за ГП и ГН при РЦ за ГР Исток и ПС ОН Делчево |
| 2. Обезбедена посебна просторија, посебна телефонска линија и е-маил адреса за лицето овластено за прием на пријави од укажувачи | 2. МВР обезбеди посебна просторија и е-маил адреса за лицето овластено за прием на пријави од укажувачи и неговите податоци се објавени на веб страната на МВР |

Во рамки на овој идентификуван ризик и предвидените цели на индикатори за 2023 година кои се мерливи, беше утврдено следното:

- предвидениот степен на реализација на обуки е постигнат и надминат, предвидени се две обуки а спроведени се вкупно пет обуки, воедно надмината е и квотата на слушатели (предвидени 40 вработени лица во МВР, учествувале 163 вработени во МВР)

# IV. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Спроведување на Планот за интегритет беше предмет на постојано следење и евалуација. Овој процес се спроведе со учество на претставници/координатори од сите организациски единици во МВР.

Во рамките на следењето, координаторите изготвуваа и проследуваа извештаи, кои послужија за оценување на степенот на реализација на мерките, активностите и целите дефинирани во Акциониот план, како и ефективноста на мерките.

ОВККИПС во МВР го координираше собирањето, обработката и анализата на извештаите што ги проследија организациските единици задолжени за исполнување на релевантните цели и мерки.

ОВККИПС, врз основа на квантитативната и квалитативната анализа на постигнувањата, околностите, ризиците и претходните искуства, изврши проценка на успешноста на спроведените мерки и активности со цел подобрување на институционалните политики во однос на спречување на корупцијата и зголемување на интегритетот и заклучи дека предвидените мерки и активности за 2023 година во Акцискиот план за спроведување на Планот за интегритет 2023-2025 беа коректно поставени, реално спроведливи и резултатите се мерливи и следливи. На подолг рок, ваквите резултати, споредени со резултатите од спроведените мерки и активности за наредните 2024 и 2025 година ќе ни дадат уште појасна слика за состојбите со јакнењето на интегритетот кај работниците во МВР и намалувањето на стапката на корупција во редовите на Министерството.

ОВККИПС смета дека е потребно во спроведувањето на мерките и активностите од Акциониот план за 2024 и 2025 година да се вклучат претставници од Единицата за стратешко планирање, стандарди и контрола на квалитет како и од Одделот за односи со јавноста и стратешки прашања во МВР.

Во однос на методологијата за работа на сите засегнати организациски единици во МВР, ОВККИПС во следниот период ќе воспостави унифицирана методологија за спроведување на предвидените мерки и активности од Акциониот план и унифициран пристап при прибирање на бараните податоци.

По извршена анализа на резултатите во однос на исполнувањето на целите, преземените мерки, вложените ресурси, ефективноста и влијанието, ОВККИПС утврди дека е потребно да продолжат да се спроведуваат истите мерки и активности и во наредните 2024 и 2025 година.

Во овој контекст, овој документ ќе послужи како сеопфатна превентивна алатка против корупцијата, бидејќи има за цел да го промовира и зајакне интегритетот, професионализмот, етиката, како и примена на моралните вредности и професионалните стандарди.

Градењето интегритет е предизвик и бара континуиран напор, добро разбирање на проблемот и волја да се гарантираат промени на различни нивоа. Но најголемиот предизвик е поврзан со промената на менталитетот и стекнувањето работна култура, поради нивото на високиот отпор со кој се соочуваме во оваа насока.

Бр. 14.2.2-19/4
25.01.2024 Скопје

ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ
Игор Арсовски